НАСОКИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ НАБАВКА НА ЕТИЛ АЛКОХОЛ ИЛИ ЕНЕРГЕНТИ ЗА ПОВЛАСТЕН КОРИСНИК ВО СОЦДАД

1. Намена на овој документ

Намената на овој документ е да ги објасни различните процеси кои се имплементирани во Порталот за трговци во модулот за акцизи, а кои се однесуваат на испорака и потврдување на приемот на етил алкохол и енергенти наменети за акцизно повластено користење. Документот ги опишува активностите на системот и чекорите кои се превземаат од страна на имателите на акцизна дозвола и имателите на одобренија за повластено користење.

2. Пристап во Порталот за трговци – апликација за акцизи

Предуслов за поднесување на електронски административен документ (е-АД) е претходна регистрација во системот на следниов линк:

https://traders.customs.gov.mk/myAccount-ui/protected/welcome.htm

Пристапот во Порталот за трговци – апликација за акцизи за корисници започнува со најавување на прозорецот за најава.Се појавува едноставен екран со логото на СОЦДАД и Царинската управа со две полиња за пополнување: КОРИСНИЧКО ИМЕ и ЛОЗИНКА, и две дополнителни полиња: ОБНОВИ и НАЈАВИ СЕ.



2. 1. Прозорец за најава

Најавата во Порталот за трговци – апликција за акцизи започнува со внесување на:

- КОРИСНИЧКО ИМЕ (пример име.презиме на корисникот)

-ЛОЗИНКА (пример барем 12 карактери –букви, броеви и симболи)

- се притиска копчето НАЈАВИ СЕ ако внесените податоци се точни или се притиска копчето ОБНОВИ за да се избришат внесените податоци и повторно се внесува корисничко име и лозинка.

3. Набавка од акцизен склад

При испорака на етил алкохол и енергенти до повластени корисници, држателот на акцизен склад поднесува електронски административен документ е-АД кој се пополнува на начин опишан во

3.2. Поднесување на е-АД

После успешната најава, системот го прикажува заедничкиот ПОРТАЛ ЗА ТРГОВЦИ



Со бирање на табот: Поднесување на декларации од трговци (TDP), системот ги прикажува различните менија на Порталот и тоа: дејства, транзит, увоз, извоз, акцизи и помош.



Со бирање на табот акцизи се појавуваат различни акции во зависност од потребата за која се пристапува како што е прикажано на сликата:



Слика 4

Подмените за е-АД овозможува: поднесување на е-АД, откажување на е-АД, промена на одредиште, разделување на е-АД, обезбедување на објаснување за вишоци и кусоци, обезбедување на објаснување за задоцнета испорака, известување или одбивање на е-АД и потврдување на приемот на е-АД во СОЦДАД.

3.3. Пополнување на е-АД од страна на држател на акцизен склад

Држателот на акцизен склад после извршената нарачка од повластениот корисник, изготвува е-АД на начин како што е опишано во документот „НАСОКИ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РУБРИКИТЕ ВО ЕЛЕКТРОНСКИОТ АДМИНИСТРАТИВЕН ДОКУМЕНТ“ при што:

- во полето „шифра на вид на одредиште“ се избира (9) – одредиште – ослободен корисник



- во полето за примач преку пребарувачот според зададените критериуми се пребарува и селектира повластениот корисник (овластениот трговец)





- со пребарувачот се селектира местото на повластено користење (место на испорала – трговец).



- во групата податоци за „национален производ“ во полето „шифра на вид на ослободување“ се селектира видот на ослободување од акциза од даденото опаѓачка листа:



Шифри на вид на ослободување

S01 Ослободување на етил алкохол кој се користи за производство на оцет во смисла на тарифниот број 2209
S02 Ослободување на целосно денатуриран етил алкохол, кој е денатуриран со пропишани средства за денатурирање
S03 Ослободување на целосно денатуриран етил алкохол кој е наменет за производство или преработка на производи неподобни за човечка употреба
S04 Ослободување на етил алкохол за производство и подготовка на лекови
S05 Ослободување на етил алкохол што се користи за медицински цели во болници, амбуланти и аптеки
S06 Ослободување на етил алкохол и алкохолни пијалаци кои се користат за производство на ароми за прехрамбени производи и безалкохолни пијалоци со содржина на алкохол од најмногу 1,2 % вол.
S07 Ослободување на етил алкохол и алкохолни пијалаци кои се користат непосредно или како составен дел на полуготови производи за производство на прехрамбени производи, пралини или во некоја друга форма
S09 Ослободување на етил алкохол кој се користи за научно истражувачка дејност или за образовни потреби на факултети, институти и други научни институции во научни или образовни цели

S10 Ослободување на делумно денатуриран етил алкохол кој е наменет за производство или преработка на производи неподобни за човечка употреба
S11 Ослободување на етил алкохол кога се користи во производни процеси во количина пропишана со нормативите за производство под услов крајниот производ да не содржи алкохол
A04 Употреба на акцизни добра за примероци за анализа и тестови при производство или за научно-истражувачки цели
A07 Употреба на акцизни добра за контрола на квалитет
E01 Ослободување на енергентите кога се користат за други намени, а не како погонско гориво или гориво за греење, со исклучок на енергентите од член 93 од овој закон
E02 Ослободување на енергентите кога се користат во воздушен сообраќај, со исклучок на користењето во воздушниот сообраќај за приватни намени
E03 Ослободување на енергентите кога се користат во минеролошки процеси
E04 Ослободување на енергентите кога ги набавуваат Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи за специјалните возила за целите на одбраната и безбедноста
E05 Ослободување во случај кога производителот на енергенти и електрична енергија ги користи во своите производствени погони за понатамошна преработка, односно производство на други енергенти и електрична енергија, освен ако се користат како погонско гориво за возила
E06 Ослободување на енергенти за реализација на проект финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација
E07 Ослободување на енергенти за реализација на проектите со ИПА
E08 Ослободување на енергентите кога имаат двојна употреба
E09 Ослободување на енергентите кога се користат за заедничко производство на топлинска и електрична енергија во единствен процес (когенерација)
E10 Ослободување на електрична енергија кога се користи за двојна намена во хемиско-редукциски, електролитски и металуршки процеси
E11 Ослободување на електрична енергија кога се користи за заедничко производство на топлинска и електрична енергија во единствен процес (когенерација)
E12 Ослободување на електрична енергија кога се користи за производство на електрична енергија, односно одржување на системите за производство на електрична енергија кај производителот на електрична енергија
E13 Ослободување на електрична енергија кога се користи во минеролошки процеси

3.4. Пополнување на е-АД на одредиште

На имателот на одобрение за повластен корисник кога настапува во улога на примач на акцизни добра му се појавува екран кој содржи податоци за локалниот референтен број, редниот број на движење, корисничкиот идентификациски број, датум на поднесување, вид на декларација, датум на документот, статус на документот, идентификациски број на трговец и дејство:



Со бирање на табот дејство – приказ на движење, може да се видат податоците за испратените акцизни добра:



Доколку податоците одговараат на нарачаните количини, тогаш повластениот корисник треба да го потврди приемот со одбирање на копчето дејство:



Кога ќе се одбере копчето relief receipt – потврден прием, тогаш движењето се смета за завршено и акцизните добра се во местото на повластено користење. Бидејќи потврдувањето на приемот е последна фаза на движењето важно е да не се потврдува приемот се додека не се утврди дека

испорачаните акцизни добра се во согласност со нарачката. Кога ќе се потврди приемот, е-АД добива статус „испорачано“.



Постапување при увоз на акцизни добра од страна на повластен корисник

При увоз на акцизни добра од страна на повластен корисник, после завршувањето на царинската постапка, кога царинската декларација ќе добие статус „увезена“ до надлежната царинска испостава држателот на акцизен склад, изготвува е-АД на начин како што е опишано во документот „НАСОКИ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РУБРИКИТЕ ВО ЕЛЕКТРОНСКИОТ АДМИНИСТРАТИВЕН ДОКУМЕНТ“ при што:

- во полето „шифра на потекло“ се одбира „увоз“, а во полето број на декларација за увоз, се внесува MRN бројот од увозната декларација.

- во полето испраќач се внесуваат податоците за увозникот, а во полињата „(испраќање) Увозна испостава“ и (надлежен орган) Испостава на испраќање се внесува шифрата на царинската испостава каде се врши увозното царинење, односно каде што се поднесува е-АД.



- полето место на испраќање не се пополнува.

- полињата за количина и тежина во члавниот дел на е-АД и во националниот код на производ се внесуваат во единицата мерка пропишана со Законот за акцизите (пример литар, килограм итн, а која е дадена како дополнителна единица мерка во царинската декларација.

- во групата податоци „претходни административни референци“ се внесува MRN бројот на царинската декларација, бројот на наименување од царинската декларација за увоз (пример:001,002....) и тежината која се раздолжува во основната единица мерка која е искажана во декларацијата за увоз.



Потврдувањето на приемот на стоката на местото на повластено користење увозникот го врши на начин како што е опишано погоре во овој документ.